# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**26.06.2024 год.** **Бр.VIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 46-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 25.06.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 46-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 25.06.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-601/1 од 26.06.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 46-та седница, одржана на 25.06.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 45-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 11.06.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-590/3 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020),согласно договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.06.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За сопствено учевство и одобрување на финансиски средства на Општина Крушево за реализација на проектот: Реконструкција на пумпна станица во с. Норово за водоснабдување на град Крушево, Опшина Крушево**

**Член 1**
Советот на Општина Крушево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Крушево во реализација на горенаведенот проект доколку се јави потреба за истите.

**Член 2**

Општина Крушево ќе учествува во Проектот со вкупен износ кој ќе ја претставува разликата помеѓу доделените средства кои Општина Крушево ги има добиено согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за распределба на средстватасогласно договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија и вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на горенаведените проекти, а кој износ ќе биде утврден по завршување на постапката за јавна набавка и склучување на договор.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Крушево.

**Бр.08-590/4 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 185/15, 217/15, 31/16 и 190/17“ и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Службен гласник на Општина Крушево“ бр. 1/07, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.06.2024 година, донесе:

## О Д Л У К А
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправните објектибр.4 и бр.6 со намена (А4-7- објекти за времено сместување) кои се вклопуваат за Ристески Зоранна КП4316 КО Крушевово Крушево према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.




**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-590/5 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 185/15, 217/15, 31/16 и 190/17“ и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија”бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Службен гласник на Општина Крушево“ бр. 1/07, 16/14, 7/19 и 7/20 година), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.06.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект, објект бр.1 со намена (Е-14-трафостаница)кој се вклопува за Ристески Зоранна КП4320КО Крушевово Крушево према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.




**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-590/6 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 185/15, 217/15, 31/16 и 190/17“ и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Службен гласник на Општина Крушево“ бр. 1/07, 16/14, 7/19 и 7/20 година), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.06.2024година, донесе:

**О Д Л У К А**

***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправните објекти, дел од објект бр.1 со намена (Г2-1-лесна и незагадувачка индустрија) кои се вклопуваатза Ристески Зоранна КП4316 КО Крушевово Крушево према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.







**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-590/7 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 25.06.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на извештајот за финансиското работење на ЈП “Комуна” Крушево за периодот 01.01.2024-31.03.2024 година**

1. Советот на Општина Крушево, не го усвои извештајот за финансиското работење на ЈП “Комуна” Крушево за период 01.01.2024-31.03.2024 година, бр.03-89/1 од 29.04.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-590/8 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 „Сл.весник на РСМ” бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.06.2024 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2025 година на ООУ „Никола Карев” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на ООУ „Никола Карев” Крушево, бр.03-153/1 од 12.06.2024 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ООУ „Никола Карев” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-590/9 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 79, 80 и 80-а од Законот за градење („Службен весник на РМ“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11,54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РСМ“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), член 21 став 1 точки 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.01/07, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 25.06.2024 година, донесе:

***П Р О Г Р А М А***
***за измена и дополнување на***
***програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година***

1. Со оваа Програма се врши измена и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година бр.08-64/7 од 18.01.2024 година, во подточка 2.1 Критериуми за определување на видот на урбаната опрема, после точка X, се дополнува со точка XI , XII и XIII и гласи:




***XI. <u>Информативни и рекламни паноа</u>***Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на информативни и рекламни паноа.

***XII. <u>Информативни и рекламни паноа</u>***



Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на информативни и рекламни паноа.

***XIII. <u>Информативни и рекламни паноа</u>***



Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на информативни и рекламни паноа.

2.Точка 3. ***<u>Начин и услови за поставување и одржување на урбана опрема</u>*** се дополнува и изменува со подточка XI , XII и XIII и гласи:

XI. **За поставување информативни и рекламни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

XII. **За поставување информативни и рекламни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

XIII. **За поставување информативни и рекламни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

3.Оваа измена и дополнување влегува во сила со денот на објавување во _Службен гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година бр.08-64/7 од 18.01.2024 година.

**Бр.08-590/10 од 25.06.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр. стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 46-та седница на Советот на Општина Крушево … 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 45-та седница на Советот на Општина Крушево ....... 1
3. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Крушево за реализација на проектот: Реконструкција на пумпна станица во с.Норово за водоснабдување на град Крушево, Општина Крушево .................. 1
4. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево за КП бр.4316 КО Крушево по барање на Зоран Ристески од Крушево ........... 2
5. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево за КП бр.4320 КО Крушево по барање на Зоран Ристески од Крушево ........... 3
6. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево за КП бр.4316 КО Крушево по барање на Зоран Ристески од Крушево ........... 3
7. Заклучок за усвојување на извештајот за финансиското работење на ЈП „Комуна“ Крушево за периодот 01.01.2024 година до 31.03.2024 година ........................................................... 4
8. Согласност на Годишниот План за вработување за 2025 година на ООУ „Никола Карев“ Крушево ...................................................................... 4
9. Програма за измена и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2024 година ....................................................................... 5

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.